# РОДОВО БУЏЕТСКА ИЗЈАВА

## 1. Податоци за избраната Програма

**Име на програмата:**
**Програма 1 Администрација**
**Потпрограма 11 - Стручно оспособување и усовршување во земјата и странство**

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**

**Вид на програмата**

☐ **Хоризонтална**
☐ Вертикална

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027:**

Со цел имплементација на член 5 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027, Стратешка цел Жени, мир и безбедност, Специфична цел 2.7: Унапредување на родовата еднаквост за постигнување и одржување позитивен мир (Жени, мир и безбедност) како и обврските кои се содржани во Методологијата за родово одговорно буџетирање, Министерството за одбрана го продолжува спроведувањето на родово одговорното буџетирање со избор на нова потпрограма 11 „Стручно оспособување и усовршување во земјата и странство". Со оваа потпрограма се обезбедува планирање на финансиски средства за образование, едукација и друг вид на стручно оспособување и усовршување (во понатамошниот текст: СОиУ) на вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија во земјата и во странство (административни службеници, воен и цивилен персонал на служба во Армијата). Со иницијативата за обезбедување на еднакви можности на мажите и жените до СОиУ и со изработката на родово буџетската изјава, Министерството за одбрана ја демонстрира својата посветеност за вклучување на родовата перспектива во политиките на одбраната во периодот 2022 – 2025 година.

**Краток осврт на програмата:**

Буџетската потпрограма 11 - Стручно оспособување и усовршување во земјата и странство опфаќа планирање и следење на трошоците поврзани со СОиУ на вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија во земјата и странство. Имено, оваа потпрограма е воведена во 2020 година по укинување на Владината потпрограма К2 – Стручно оспособување и усовршување.

Во 2020 година од оваа потпрограма се финансираат и обуките на Армијата во странство, но од 2021 година учеството во меѓународни вежби во странство преминуваат во друга потпрограма.

Носител на планирање на потпрограмата 11 е Секторот за човечки ресурси. Истата се спроведува согласно годишниот План за образование, обука, стручно оспособување и усовршување и специјализации на вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија.

Во потпрограма 11 - Стручно оспособување и усовршување во земјата и странство се планираат финансиски средства за:
- дневници, патни расходи, сместување и други споредни расходи за патувања во земјата и странство по следните основи: семинари, работилници и други видови обуки за СОиУ;
- договорни услуги (трошоците за школувања, -специјализации, последипломски студии; семинари и обуки, како и за исплата на трошоци за ангажирани надворешни соработници за реализација на обуките во земјата);
- други тековни расходи (трошоците за угостителски услуги за гости и делегации од земјата и странство како и за набавка на репрезентативен материјал).

## 2. Анализа на состојбата (објаснете кои се родово релевантните прашања во секторот/областа опфатен/а со програмата и кои фактори придонесуваат кон родова нееднаквост)

Анализата во продолжение ги прикажува можностите за СОиУ преку учество на:

- специјализирани обуки во Центарот за обука „Др. Џозеф Крузел“,
- специјализации во земјата, втор и трет циклус на школување;
- специјализаци, школувања и курсеви во странство (курсеви во НАТО школи, Центри на совршенство; Партнерски центри за обука и едукација, и курсеви согласно билатералните планови со странските земји).

**Центарот за обука „Д-р Џозеф Крузел“** претставува центар во кој се изведуваат специјализирани обуки (курсеви, семинари, работилници) од повеќе области и теми, со цел подобрување на менаџерските способности и реализација на работните процеси, како и подобрување на вештините и способностите на различните категории персонал во Министерството и Армијата, и за вработените во другите органите на државната управа од безбедносниот сектор.

Во изминатите две години, 2020 и 2021 година на специјализираните обуки учествувале вкупно 493 учесници од кои 277 мажи и 216 жени, односно 44% жени и 56% мажи (табела 1.) Високиот процент во учеството на жените во специјализираните обуки ги потврдува напорите на Министерството да обезбеди балансирано учество во специјализираните обуки.

Табела 1. ***Родово разделени податоци за учесници на специјализирани обуки*** за ***2020 и 2021:***

| **Година** | **Центар за обука „Д-р Џозеф Крузел“** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Мажи** | **%** | **Жени** | **%** | **Вкупно** |
| **2020** | 65 | 66% | 33 | 34% | **98** |
| **2021** | 212 | 54% | 183 | 46% | **395** |

**Специјализации:**

Во рамките на своите активности, Министерството обезбедува специјализации. Во 2020 и 2021 година обезбедени се специјализации од областа на медицината за 5 лица од кои 2 мажи (40%) и 3 жени (60%);

**Стручно оспособување и усовршување во странство:**

Специјализации, школувања и курсеви во странство (курсеви во НАТО школи, Центри на совршенство; Партнерски центри за обука и едукација, и курсеви согласно билатералните планови со странските земји). Податоците упатуваат дека во овој сегмент, процентот на мажи е значително поголем од процентот на жени кои ги искористиле овие можности за СОиУ . Вкупниот број на учесници кои посетиле обуки во странство во 2020 и 2021 година изнесува 279 учесници (табела 2). Од нив 63 учесници или 22% се жени, а останатите 216 учесници или 78% се мажи.

***Табела 2. Родово разделени податоци за учесници на обуки и курсеви во странство за 2020 и 2021 година:***

| **Година** | **СОиУ во странство** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Мажи** | **%** | **Жени** | **%** | **Вкупно** |
| **2020** | 86 | 79% | 23 | 21% | **109** |
| **2021** | 130 | 76% | 40 | 24% | **170** |

Иако СОиУ во земјата и странство е подеднакво достапно како за мажите, така и за жените, преку обезбедување на еднакви можности се констатира дека мажите се застапени во повисок процент. [1]

## 3. Предложени интервенции (наведете ги интервенциите кои сметате дека ќе ги намалат родовите нееднаквости во секторот/областа)

Од спроведената анализа за периодот 2020/2021 година, евидентно е дека жените се застапени во СОиУ и се бележи зголемување за 12 % на жените кои учествувале на специјализираните обуки.
Воедно, и во СОиУ во странство, се бележи зголемување на процентот на жени упатени на СОиУ за 3%.
Тенденцијата е продолжување на ваквиот тренд, односно задржување на достигнатиот процент како и зголемување на истиот, а притоа почитувајќи го принципот на стручност и компетентност на персоналот (жени и мажи) кој ќе биде упатен на СОиУ во земјата и странство.
Можностите за развој во понатамошната кариера, но и понатамошното СОиУ е една од најстимулативните интервенции насочени кон намалување на родовата нееднаквост.
Родово сензитивирање на персонал кој е вклучен во комисиите за избор и упатување на СОиУ во земјата и странство.
Министерството за одбрана во наредниот период ќе се залага за зголемување на бројот на жените кои ќе се упатуваат на СОиУ во земјата и странство, како и со активности насочени кон охрабрување на жените за покажување на поголем интерес за СОиУ.

## 4. Очекувани резултати од програмата (опишете низ кои практични чекори ќе ги постигнете резултатите кои ќе обезбедат подобри можности и за жените и за мажите во имплементацијата на програмата и како постигнувањето на тие резултати ќе помогне во унапредување на еднаквоста).

Со преземањето на одредени активности во периодот на следење на потпрограмата 2022 – 2025 се очекува да се постигне:
- зголемување на можностите за стручно оспособување и усовршување на жените за нивно кариерно напредување и поставување на раководни и командни позиции;
- подигната родова свест, како и зајакнување на капацитетите на сите категории на персонал во Министерството и Армијата, преку спроведување на родови обуки, како и за членовите во комисиите за избор и упатување на СОиУ во земјата и странство.

---

[1] Воедно, би напомениле дека анализата се однесува за 2020/2021година – години кога се функционираше во услови на пандемијата КОВИД 19. Согласно тоа, и дел од обуките немаше можност да се реализираат, дел се реализираа онлајн, а дел согласно протоколите и мерките за заштита од КОВИД 19 се реализираа со помал број на учесници од планираното.

- зајакнување на капацитетите на родовите обучувачи, размена на искуства и научени лекции; Имено, Министерството и Армијата располагаат со базен од 25 НАТО сертифицирани родови обучувачи од кои 17 се жени и 8 се мажи, кои што поседуваат сертификат по основ на успешно положен завршен испит на обуката за родови обучувачи, според НАТО стандарди.
- со програмата воедно се очекувава да се постигне пораст на процентот на пријавени кандидатки за упатување на СОиУ во земјата и странство за 10 - 20%, како и
- пораст на процентот на упатени кандидатки за упатување на СОиУ во земјата и странство за 10 - 20%;

## 5. Аутпут индикатори

- зајакнати компетенции на персоналот од Министерството и Армијата кој е вклучен во СОиУ ( број на обуки, родово разделени податоци за учесници на родовите обуки) ;
- пораст на пријавени кандидатки за упатување на СОиУ во земјата и странство за 10-20%;
- пораст на процентот на упатени кандидатки за упатување на СОиУ во земјата и странство за 10 - 20%;

## 6. Буџет на програмата/извор на средствата

Во Буџетот на Министерството за одбрана за потпрограмата 11 - Стручно оспособување и усовршување во земјата и странство, која ќе се следи преку родово одговорно буџетирање за 2022 година се одобрени средства во износ од 16.000.000 денари.
Во 2021 година беа одобрени 24.000.000 денари, а со ребалансот се намалени на 16.600.000 денари.
Во 2020 година беа одобрени 38.000.000 денари, а со ребалансот поради Ковид кризата средствата се намалија и истите изнесуваа 13.000.000 денари.

**Бр. 16-5793/1**
**од 24.08.2022 година**

**Министерка за одбрана**
**с.р. Славјанка Петровска**